До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на мислење за постоење на судир на интереси во ситуација кога лице е вработено во Државен инспекторат за шумарство и ловство, а негова сопруга е вработена во приватно трговско друштво кое се занимава со промет и продажба на огревно дрво.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ", бр. 12/19), го издава следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија укажа на тоа дека во ситуација кога лицето како инспектор од областа на шумарството ќе вршите надзор врз трговското друштво каде е вработена неговата сопруга, согласно член 70-а од Законот за шумите, потребно е да го пријави истото кај неговиот претпоставен и да се изземе, по што треба да ги почитува одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа:

**Член 72**

**(1)** Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

**(2)** Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

**Член 73**

**(1)** Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

**(2)** Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.

**(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.**

Член 75

(1) **Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.**

(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

Имено, согласно начелото на интегритет, секое службено лице во вршењето на својата службена должност потребно е да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на тие должности не смее да се раководи од лични , семејни, верски, партиски и етнички интереси.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk